# ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНЦЕСИИ И ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.104 од 24.06.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за концесии и јавно приватно партнерство ("Службен весник на Република Македонија" број 6/12, 144/14 и 33/15), по членот 11 се додаваат два нови члена 11-а и 11- б, кои гласат:

**„Член 11-а**

**Прибавување на податоци од катастарот на недвижности**

Концедентот или јавниот партнер по електронски пат прибавува податоци од катастарот на недвижности за постапката за доделување на концесија на добра од општ интерес или договор за воспоставување на јавно приватно партнерство.

**Член 11-б**

**Запишување во јавната книга за запишување на правата на недвижностите**

Концедентот или јавниот партнер е должен сите акти кои содржат правен основ врз основа на кој се врши запишување/прибележување во катастарот на недвижностите, а се донесени во врска со спроведување на постапката за доделување на концесија на добра од општ интерес или договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, заедно со пријавите за запишување по електронски пат да ги достави до Агенцијата за катастар на недвижности."

**Член 2**

Концедентот и јавниот партнер се должни во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон електронски да се поврзат со Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".